# Упатство за користење на WEB страната на Saubermacher - Тетово

Упатството е наменето за корисниците на официјалната WEB страна на Saubermacher - Тетово, со цел да се обезбедат потребните информации за подобра навигација низ неа. По отворање на страната преку линкот https://saubermacher-tetovo.mk , се отвора почетната страна. На неа, во заглавието поставено е основното (хоризонтално) мени (т.е. листата на функции што таа ги нуди). Со клик на менито Е-УСЛУГИ се добива подмени со две опции (Брзо плаќање и Е-корисник).

Страната нуди два начини за плаќање на фактурите: со внесување на бројот на фактурата (брзо плаќање) и преку корисничкиот профил.

## БРЗО ПЛАЌАЊЕ НА ФАКТУРА

Системот за брзо плаќање на фактури работи на принципот плаќање на фактури преку интернет (online) со внесување на бројот на фактурата кој се наоѓа како што е означено на слика 1 со црвен правоаголник.



Saubermacher

Е-пошта/E-mail: contact@saubermacher-tetovo.mk
Тел/Tel: 08000-8000

ОАЕНЕУМ ДОО Тетово
OANEUM DOO Tetovë
Ул. 120 БР.66 ТЕТОВО/Rr.120 NR.bb Tetovë
ЕДБ/NUT: 4028023550004
Жиро сметки/Xhirollogaria:
270076557380158 - Халк Банка/Halk Banka
Реон/Rajoni: 1
Шифра/Shifra:
Датум/Data: 13.03.2024
Скенирај ме за плаќање преку интернет/
Më skano për të paguar nëpërmjet internetit.

**ФАКТУРА БР./FATURA NR. 24010201741**

За период/Për periudhën: Февруари/Shkurt,2024
Да се плати до/Të paguhet deri më: 29.03.2024

Адреса за кореспонденција/Adresa për korrespondencë:

| Р.Бр/ Nr.r | ОПИС/Përshkrimi | Количина /Sasia | Цена/ Çmimi | Износ без ДДВ/Shuma pa TVSH | ДДВ/ TVSH % | Цена со ДДВ/Çmimi me TVSH | Пресметан ДДВ/TVSH-ja e llogaritur | Вкупно со ДДВ/Gjithësej me TVSH |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Собирање и депонирање на комунален отпад (м2)/Mbledhje dhe deponim i mbetjeve komunale (m2) | 11.21 | 3.20 | 35.86 | 5.00 | 3.36 | 1.79 | 37.65 |
| 2 | Јавна чистота/Pastërtia publike | 1.00 | 100.00 | 100.00 | 5.00 | 105.00 | 5.00 | 105.00 |
| 3 | Вода (м3)/Ujë (m3) | 15.00 | 20.00 | 300.00 | 5.00 | 21.00 | 15.00 | 315.00 |
| 4 | Канализација(м3)/Kanalizim(m3) | 15.00 | 2.80 | 42.00 | 5.00 | 2.94 | 2.10 | 44.10 |

**Вкупно за наплата (ден)/Gjithësej për pagesë(den): 502.00**

Рекапитулар на ддв по тарифи/
Rekapitular i TVSH-së për tarifë

| Тарифа/Tarifa | Основица/Çmim i bazë | Износ/Shuma |
|---|---|---|
| 5% | 477.86 | 23.89 |

За задоцнето плаќање се пресметува камата./Për pagesë të vonuar llogaritet normë interesi.

**При плаќање во пошта/банка внесете го референтниот број/Gjatë pagesës në postë/bankë, shënoni numrin e referencës : 24010201741**

Директор/Drejtori
ОАЕНЕУМ
Вулнет Сеља/Vullnet Sela

Сл. 1

Внесувањето на податоците се врши преку соодветната секција од менито БРЗО ПЛАЌАЊЕ (означено со број 1) или преку копчето БРЗО ПЛАЌАЊЕ (означено со број 2 )




Брзото плаќање се врши преку следните чекори:

1. Во полето над текстот **Број на фактура** се внесува бројот на фактурата. Страната врши контрола на внесениот број, што значи дека бројот што се внесува треба да биде важечки број на фактура. Во случај на внесување на неточен број, страната прикажува соодветна порака 





Сл. 3

2. Се внесува e-mail адресата на уплаќачот, која се користи за доставување на известувањето за извршената уплата. Доколку корисникот е регистиран во системот при внесување на бројот на фактура полето E-mail адреса автоматски ќе се пополни.
3. Се притиска (кликнува) на копчето ПЛАТИ, со што се влегува во процесот на плаќање на фактурата (слика 4). Доколку станува збор за фактура што не е платена или пак е делумно платена, страната ги прикажува податоците за фактурата: име и презиме на корисникот, адреса, датум на издавање на фактурата, рок за плаќање и износ што треба да се плати.




Сл. 4

4. Се потврдува политика за приватност и условите за користење на страната со штиклирање (клик) на квадратчето означено на слика 4.
5. Се притиска на копчето **ПЛАТИ** (слика 4), по кое страната врши пренасочување кон програмата на банката за електронско плаќање.




Сл 5.

6. Се притиска на копчето ОК (слика 5), по кое се добива прозорец каде што е потребно да се внесат податоците од платежната картичка преку која ќе биде извршено плаќањето на фактурата (слика 6).
7. Се внесуваат податоците од платежната картичка (слика 6).
8. Се притиска на копчето ПОТВРДИ (слика 6), со што се потврдува плаќањето.




Сл. 6

По реализацијата на последниот чекор, се појавува соодветна порака за тоа дали трансакцијата била успешна или неуспешна.

Доколку трансакцијата е неуспешна се добива порака (слика 7)




Сл.7

Доколку трансакцијата е успешна се добива порака (слика 8)

Вашата трансакција е успешна. Ви благодариме за Вашата уплата.

Код на трансакцијата: D-1-237e0ce0-7d60-41b5-88fe-e238b04173

Вратете се на првата страна

Сл. 8

Соодветно на тоа се испраќа порака и на mail.

Почитувани,

На ден 08-06-2021 успешно извршивте наплата со износ од 1.00 денари.

Код на трансакција: D-1-237e0ce0-7d60-41b5-88fe-e238b04173

Ви благодариме на довербата.

Успешна трансакција

Почитувани,

На ден 07-06-2021 неуспешно извршивте наплата со износ од 537.00 денари.

Ве молиме обидете се повторно.

Код на трансакција: D-1000-5ccb62df-ffa2-4d8b-85a5-a043434

Ви благодариме на довербата.

Неуспешна трансакција